Далибор ЈОВАНОВСКИ

# ГРЧКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И ПРАШАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА ВО ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

Грчкиот историчар Спиридон Сфетас во една статија посветена на грчко-бугарските односи во последните две децении на деветнаесетиот век нагласува :"односите помеѓу Грција и Бугарија по Берлинскиот конгрес биле под влијание на три фундаметални и поврзани прашања: Грците од Источна Румелија, подигнувањето на Бугарската шизма и демаркација на сферита на влијание на двете држави на географската територија на Македонија"[1]. Прашањето на Грците во Источна Румелија не е дел од мојот интерес. Во понатамошниот дел од овој прилог ќе се задржам на обидите да се постигне договор помеѓу Грција и Бугарија за Македонија и во помала мерка на прашањето за подигнување на шизмата која имала влијание и во однос на споменатите обиди.

Грчко-бугарските односи и прашањето на поделба на Македонија на интересни сфери во голема мерка зависеле од двата концепта за создавање на голема грчка и голема бугарска држава. Во Грција во овој период политичката и интелектуална елита била под големо влијание на Мегали идејата, промовирана од Јоанис Колетис во 1844 г., за територијално проширување на грчкото кралство. Бугарските политички и интелектуални кругови, иако нивната држава била во фаза на создавање, биле под големо влијание на границите на Бугарија, исцртани во Сан Стефано. Овие два концепта неизбежно морале да се судрат во Македонија, и во помал обем, во Тракија. Овој судир не значел дека помеѓу двете страни немало да има обиди за можно надминување на проблемите.

Грчката влада релативно брзо по Берлинскиот конгрес испратила свој дипломатски претставник во бугарската престолнина. Новинарот, родум од Трст, Анастасиос Византиос, во мај 1880 г. пристигнал во Софија[2]. Така во бугарската престолнина бил отворен

---

[1] Spyridon Sfetas, Aspects of Greek-Bulgarian political relations after the Congress of Berlin-The failure of the Greek-Bulgarian raprochement (1878-1900); Etudes Balkaniques, 41/4, Sofia, 2005, p. 41

[2] исто,с. 42

грчкиот конзулат. Овој потег на премиерот Трикупис отворил можности за почнување на разговори за решавање на прашањата кои ги оптоварувале односите помеѓу двете земји, кои немале заедничка граница, но тежнееле кон тоа. Македонија била дел од тие прашања. Сепак, првите контакти за можноста за договор околу Македонија не биле направени во Софија, туку во османската престолнина. На 27 јули 1880 грчкиот амбасадор во Цариград, Кундуриотис го посетил бугарскиот дипломатски агент во османлиската престолнина, Балабанов на кого му предложил склучување на спогодба помеѓу Грција и бугарското кнежество. Во поглед на Македонија тој предложил поделба на истата при што северниот дел би припаднал на Бугарија, а јужниот на Грција[3]. Наводно со таквата поделба бил согласен и Гледстоун, а тоа би довело до спречување на вмешување на други сили. Историчарот Евангелос Кофос, врз база на извештај од грчкиот пратеник во Цариград, дава податок според кој Балабанов бил тој којшто понудил соработка во Македонија и постигнување договор, бидејќи Австро-Унгарија би профитирала од кавгата[4]. Наводно Кундуриотис се согласувал со погледите на Балабанов. Како и да е со оваа средба започнале обидите да се воспостави соработка помеѓу двете земји со цел да се решат меѓусебните недоразбирања. Во текот на 1880 г. продолжиле обидите на бугарското политичко водство за сондирање на теренот за постигнување на договор за решавање на отворените прашања. Бугарскиот кнез Александар на грчкиот конзул во Софија му ја пренел својата желба за соработка со Грција со цел да се надминат грчко - бугарските црковни недоразбирања, а за тоа се повикал на средбата помеѓу Балабанов и Кундуриотис[5]. Константин Стоилов, исто така, се сретнал со Византиос во септември 1880 г. На оваа средба бугарскиот политичар, меѓу другото, темата за Македонија ја нарекол трнлива, но со взаемни отстапки, според Стоилов, можело да се постигне договор[6]. Одговорот на грчката страна не бил изненадувачки. Се покажало дека во тој момент Атина не била расположена за постигнување на договор. Премиерот Трикупис во инструкциите до грчкиот конзул во Софија му наложил на последниов да не влегува во било какви преговори[7]. Овој став на грчкиот премиер не значело крај на обидите

---

[3] Външната политика на България, 1879 - 1886, т. 1, док. , с. 127

[4] Evangelos Kofos, Attempts at mending the Greek-Bulgarian ecclesiastical schism (1875-1902), Balkan Studies, 25/2, Thessaloniki, 1984, p. 356

[5] E. Kofos, Attempts at..., p. 355 - 356

[6]Χρηστος Καρδαρας, Το Οικουμενικο πατριαρχειο και ο αλυτρωτος ελληνισμος , Αθηνα, 1996, σ. 107

[7] E. Kofos, Attempts at..., p. 356

за постигнување некакава согласност помеѓу двете земји во поглед на Македонија.

Во воведниот дел наглсив дека шизмата која Цариградската патријаршија ја фрлила врз Бугарската егзархија во 1872 година ги опто-варувала односите помеѓу Грција и Бугарија. Затоа околу ова прашање се воделе разговори помеѓу претставниците на владите во Софија и во Атина со цел да се најде некакво решение. Така, во јануари 1883 година бугар-скиот министер за надворешни работи, Стоилов, се сретнал со грчкиот конзул во Софија, Рангавис. Стоилов, во име на кнезот, побарал од грчкиот дипломат да се заложи за подигнување на шизмата и да дознае под кои услови патријархот Јоаким III бил подготвен да ја крене шизмата[8]. Мора да се напомене дека грчкиот дипломат бил еден од оние малубројни Грци кои сметале дека шизмата повеќе прави штетта отколку што и носи корист на Грчката кауза. Според него токму шизмата е причина за лошата позиција на Грците во Бугарија и во Источна Румелија[9]. За разлика од него поголемиот дел од грчките политичари и интелектуалци ја сметале шизмата како одбранбено средство за заштита на грчките интереси. Грчкиот генерален конзул во Солун, Докос, во еден свој извештај истакнал дека "нашиот национален интерес ќе трпи одредена штета доколку Шизмата биде подигната"[10]. Во таа насока е и писмото на Константинос Папаригопулос до амбасадорот Аргиропулос во кое нагласил дека подигнувањето на шизмата би претставувало отстапување на Македонија и на Тракија на Бугарите[11]. Овој став на основоположникот на современата грчка историографија е најдобар показател за што се користела шизмата од страна на грчките политиари и е одговор зошто истата нема да биде подигната подолг временски период.

Најзначајниот настан во грчко-бугарските односи во наведениот период била посетата на бугарскиот кнез на Атина на почетокот на мај 1883г. Подготовките, доаѓањето, претстојот и разговорите на Батенберг во Атина сеуште се обвиени со магловитост, не само заради подготовките, туку и заради различното мислење околу тоа за што се разговарало и што бил приоритет на разговорите. Подготовките биле, барем на почетокот тајни. Стоилов на 10 февруари 1883 година му соопштил на грчкиот конзул во Софија дека бугарскиот кнез имал желба во април да го посети грчкиот крал во Атина. Многу брзо, веќе на 27 февруари грчкото

[8] Χ. Καρδαρας, Το Οικουμενικο πατριαρχειο..., σ. 112
[9] исто
[10] E. Kofos, Attempts at…, p.360, f. 29
[11] Yura Konstantinova, The Greek-Bulgarian schism and the conflict between Charilaos Tricoupis and Joakim III, Etude Balkanique, 42/1, Sofia, 2006, p. 110

министерство за надворешни работи позитивно одговорило на бугарското барање. Грчката влада, според одговорот, била убедена дека средбата на двајцата суверени ќе резултира со едно разбирање кое е потребно да постои помеѓу двете земји[12]. Ваквите топли зборови биле повеќе од добра основа за евентуалните разговори, кои би следеле во Атина. Меѓутоа, наскоро Османлиската влада ќе дознае за намерите на Батенберг и ќе се обиде истите да ги спречи, но во тоа нема да успее[13]. Бугарскиот кнез на османлискиот комесар во Софија му рекол дека посетата на Атина се должи на поканата на грчкиот крал и кралица од претходната година[14]. Од горенаведеното се гледа дека бугарскиот кнез не ја говорел вистината. Иако грчката влада во одговорот до Софија за барањето бугарскиот кнез да ја посети Атина изразила спремност за позитивен епилог на истата сепак еден настан, уште пред Батенберг да дојде во Атина, ќе покаже колку било тешко да се постигне било каква согласност по спорните прашања меѓу двете земји. Причината за тоа била можноста Батенберг да допатува во Атина преку Солун. Таквата можност предизвикала неспокојство, не само во Атина туку и во Цариград[15]. Иако, барем официјално, добредојден во Атина, можноста да дојде во грчката престолнина преку Солун предизвикала непријатно расположение помеѓу грчките политички кругови, кои се плашеле од големата пропаганда која би претходела на посетата на Солун. Грчкиот крал дури размислувал да оди во Ираклион на Крит[16] како некој вид на притисок, не само врз Цариград, туку и врз големите сили со цел овие да влијаат врз Батенберг да не го посетува Солун. Стравот кој бил изразен од страна на официјална Атина бил логичен ако се има предвид дека Грција имала аспирации кон Македонија, каде што за главен свој соперник ја сметала бугарската пропаганда, а и македонското словенско население, кое не припаѓало на Патријаршијата го сметала за бугарско. Во целиот случај се вмешала Виена, која го посоветувала Батенберг да не оди за Солун, а тој, не можејќи да се спротивстави, ја прифатил оваа сугестија[17]. Предомислувањето на бугарскиот кнез, колку тоа да било изнудено, предизвикало олеснување во грчките политички кругови, а и грчкиот печат го пречекал со пријателски тон.

---

[12]Χριστοφορου Ναλτσα, Ανατολικη Ρωμιλια η καταληψις αυτης υπο των Βουλγ αρων και ο ναυτικος αποκλεισμος της Ελλαδος 1885–1886, Θεσσαλονικη, 1963 , σ. 86

[13] Документи за бвлгарската история, т. 4, София, 1942, д. 82, с. 53

[14] исто, д. 87, с. 55

[15] Елена Стателова, Дипломацията на Княжество Бвгария 1879-1886, София, 1979, с. 130

[16] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 87

[17] Edouard Driault et Michel Lheritier, Histoire diplomatique de la Grece de 1821 a nos jours, t. IV, Paris, 1926, p.180

Тој пристигнал во Атина на 3 мај 1883 година. Тука тој бил пречекан како владетел на независна држава. Неговата посета на грчката престолнина предизвикала внимание не само помеѓу грчката јавност, туку и кај српскиот и османлискиот амбасадор. Последниов посебно внимание посветил на доделувањето на ордени од страна на бугарскиот кнез на своите грчки домаќини, претежно на министри[18]. Загрижувачки за Османлиите било не само доделувањето, туку и примањето на ордените од страна на грчките политичари. Уште повеќе, постојат инфомрации дека средбата со грчкиот премиер Трикупис, била одржана во сала во Военото министерство, во која имало слики на учесници во грчкотот востание, меѓу кои и на Бугари[19]. Тоа не било направено случајно. Посетата на Батенберг била пратена со вознемирување и во Белград. Имено таа посета дошла во време кога официјален Белград сакал да води разговори со Атина за заедничка соработка во Македонија и постоел страв да не се поведат разговори помеѓу Атина и Софија за истата работа[20]. Овој страв бил реален и логичен зошто меѓу проблемите кои ги оптоварувале односите помеѓу двете земји била и Македонија. Сепак интересно е гледањето на српскиот пратеник во Атина за оваа посета, кој на неа гледа како на попустливост на официјална Атина кон Бугарите со што дозволуваат да имаат заеднички интереси во Македонија и тоа затоа што не можеле да го избришат фактот дека "во Македонија има и Словени"[21].

Најинтересен дел од посетата секако се разговорите кои бугарскиот кнез ги имал со своите домаќини, а за кои има разни информации. Елена Стателова смета дека разговорите главно се однесувале за шизмата и положбата на Егзархијата, при што грчката влада изразила готовност за надминување на шизмата доколку Егзархот го напушти Цариград и ја ограничи дејноста на Источна Румелија[22]. Надја Данова, слично како и Стателова, смета дека бугарскиот кнез при посетата на Атина го поставил, како клучно, прашањето на подигање на шизмата, но добил негативен одговор од страна на грчките домаќини[23]. Бугарскиот патријарх Кирил и Леритие пак сметаат дека се раговарало за положбата на грчкото население во Бугарија, за железниците и за односите помеѓу дветет цркви за што

[18] Документи за..., т. 4, док. 93, с. 58

[19]Βασιλης Γουναρης, Τα Βαλκανια των Ελληνων, Επικεντρο, Θεσσαλονικη, 200 7, σ. 379

[20] Славенко Терзиħ, Србија и Грчка, Београд, 1992, с. 251

[21] исто, с. 252

[22] Е. Стателова, Дипломацията на ..., с. 131

[23] Надя Данова, Към въпроса забългаро-гръцките отношения през последното десетлетие на XIX век, Studia Balcanica, 12, София, 1976, с. 101, ф. 23

Трикупис понудил посредништво помеѓу Егзархијата и Патријаршијата со цел бугарската црква да добие статус кој го имал атинскиот митрополит, под услов Егзархијата да се откаже од Македонија[24], но тоа било одбиено од бугарскиот кнез. Налцас го дели истото мислење[25]. Славко Димевски од своја страна смета дека Батенберг принципиелно бил за спогодба за подигање на шизмата и за воспоставување на патријаршиска јурисдикција во Македонија, доколку се даде гаранција за словенска богослужба во црквите и за бугарската просвета во Македонија[26]. Елијанос дава повеќе погледи околу раговорите врз база на различни извештаи на странските амбасадори. Така, според него, Александар Батенберг сакал да ги придобие Грција и Црна Гора за сојуз со цел да се спречи австриското пробивање во правец на Солун, а исто така и да ја разгледа можноста од склучување на антиосманлиски сојуз, како и можноста да се направи антируски сојуз со учество и на Романија со заклучок дека посетата била доста матна[27]. Поплазаров тврди дека Грција и Бугарија се согласиле јужна Македонија да биде под грчко влијание, а северниот дел под бугарско. Требало само да се одреди демаркационата линија и тоа при посетата на Батенберг на Атина[28]. Терзиќ пак дава информација за известувањето на грчкиот пратеник во Белград, Делијанис до српската влада, во кое се наведува дека се разговарало за црковниот проблем, но дека Грција не бара и нема да бара политичка спогодба со Бугарија се додека таму Русите наредуваат[29]. Кофос, користејќи грчка документација[30], пишува дека постоеле добри изгледи за разговори за надминување на проблемите помеѓу Грција и Бугарија, но откако грчката влада увидела дека кнезот останал на погледите за проширавање на Бугарија до Солун се покажало дека дека не може да се одржат некои значајни дискусии по

---

[24] Кирил, Патриярх Български, Българската ексархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, т. 1, кн.2, София, 1970,; Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 180-181

[25] Х,. Ναλτσας, Ανατολικη..., σ.88

[26] Славко Димевски, За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Скопје, 1980, с. 208

[27] Κωνσταντινος Αιλιανος, Μια προοπτικη συμμαχια Ελλαδος–Αυστρο–Ουγγαρι ας χωρις επαυριο 1883–1887, Θεσσαλονικη, 1994, σ. 24

[28] Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1973, с. 22

[29] С. Терзић, Србија и..., с. 253

[30] Кофос говори дека во Архивот на грчкото министерство за надворешни работи постои документација за посетата на Батенберг на грчката престолнина, но таа е некомплетна. (Evangelos Kofos, Dilemmas and orientations of greek policy in Macedonia 1878-1886, , Balkan Studies, 21, Thessaloniki, 1980 p.51, f.15)

тоа прашање[31]. Според Спиридон Сфетас целта на посетата на бугарскиот кнез на грчката престолнина била формирање на балкански сојуз против понатамошното австро-унгарско навлегување на Балканот, но грчката страна, поточно кралот Георгиос покренал две парашања кои влијаеле врз меѓусебните односи:"1. грчките услови за подигнување на шизмата и 2. заштита на Грците кои живееле во бугарското кнежевство"[32]. Кардарас во однос на посетата Батенберг на Атина пишува дека главната цел на бугарскиот кнез била се увери во расположението на грчката влада за сојуз со Бугарија и Црна Гора[33]. Според Васили Гунарис било природно што македонското прашање, заедно со прашањето за позицијата на Грците во Бугарија и Источна Румелија, било централна тема на разговорите кои Батенберг ги водел во Атина[34]. Ханс Лотар Штепан смета дека основна цел на посетата на бугарскиот кнез на Атина била да се сондира теренот за заедничко делување помеѓу Грција и Бугарија[35]. Сепак треба да се видат и искажувањата на тогашниот грчки премиер, Трикупис, кој бил еден од учесниците во овие разговори. Тој во разговорот со британскиот амбасадор во Атина, Рамболд, од 3 февруари 1887 година, се задржал и на посетата на Батенберг[36]. Според него директна цел на посетата на кнезот на Атина била постигнување на договор за разбирање околу грчко-бугарската граница во Македонија, но тој многу брзо сфатил дека нема ништо да испадне од ова прашање. Неговиот интерес се насочил и кон на можноста Батенберг да ја извести руската влада за резултатите и темите на разговорите. Трикупис за оваа негова дилема го прашал Батенберг и одговорот бил позитивен, но било збунувачки за грчкиот премиер, што бугарскиот кнез, при неговото претставување пред грчките министри, говорел против Русија. Во еден друг разговор со британскиот амбасадор во Атина, Монсон, од октомври 1889, Трикупис повторно се навратил на посетата на бугарскиот кнез на грчката престолнина[37]. Тој го информира својот собеседник дека на Батенберг му понудил линија на разграничување, во која се наведени минимумот грчки барања и која се "однесувала само на провинцијата Македонија"[38]. Бугарскиот кнез наводно не се спротивставил на линијата. Трикупис понатаму тврди дека доми-

---

[31] исто, с. 50
[32] S. Sfetas, Aspects of Greek-Bulgarian ..., p. 43
[33] Χ. Καρδαρας, Το Οικουμενικο..., σ. 122
[34] Β. Γουναρης, Τα Βαλκανια..., σ. 403
[35] Ханс-Лотар Штепан, Македонскиот јазло, Аз-буки, Скопје, 2004, с. 129
[36] ДАРМ, м-159, Rumbold-Salisbury, Athens, 3 february, 1887, FO 32/587
[37] ДАРМ, м-162, Monson-Salisbury, Athens, 12 october, 1889, FO 32/608
[38] исто

нантна идеја на кнезот била спречување на австриското пробивање кон Егејското море со формирање на сојуз помеѓу Грција, Бугарија и Црна Гора, но тоа можело да доведе до војна со Османлиската држава, а за што ниту една од наведените балкански држави, дури и со помош на Србија не биле спремни. Грчкиот премиер нагласил дека неговата земја не сакала да води војна за добивање на територии и затоа оваа идеја на Батенберг не добила подршка во Атина[39]. Треба да се напомене дека непосредно пред доаѓањето во Атина, бугарскиот кнез во разговор со грчкиот конзул во Софија, Рангавис, најавил дека во грчката престолнина ќе го допре прашањето за соработка помеѓу Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора[40]. Исто така Батеберг најавил дека сака да разговара за поделба на Македонија помеѓу Бугарија и Грција и наводно би побарал неговата земја да ја добие Кавала, бидејќи во Солун грчкото влијание било многу силно[41]. Врз база на гореизнесеното може да се обидеме да заклучиме дека, и покрај различните видувања на авторите кои можат да се прифатат како точни, бугарскиот кнез при посетата на Атина со своите домаќини разговарал за повеќе теми, но со сигурност може да заклучиме дека добар дел од разговорите, а тоа не интересира, биле посветени на Македонија, било за решавање на црковниот спор, кој се однесувал и на неа, било за определување на некоја линија на разграничување на интересните сфери, но заради очевидните разлики до тоа не дошло. Главниот спор помеѓу двете страни не бил само припадноста на православното население, туку територијата посебно во приморскиот дел на Македонија со Солун како центар. Ова несогласување не се однесува само за овој временски период. Како потврда за неуспехот да се постигне некоја согласност може да послужи и фактот што само еден месец по посетата на Батенберг на грчката престолнина, истиот тој атински печат кој го дочекал со пријателски коментари, започнал да пишува негативно за Бугарите[42].

Посетата на Батенберг на Атина, која не донела никакви резултати, покажала дека не бил можен никаков копмромис помеѓу Грција и Бугарија за прашањата кои ги оптоварувале меѓусебните односи, вклучувајќи го прашањето за поделба на Македонија на интересни сфери. Затоа не зачудува намалениот обем на контакти помеѓу двете влади околу решавање на недоразбирањата. Меѓутоа еден настан повторно ќе ја доведе Македонија во центарот на нивниот интерес. Обединувањето на кнежевството Бугарија со Источна

[39] исто

[40]Σπυριδων Σφετας, Ελληνο–βουλγαρικες αναταραξεις 1880–1908, Θεσσαλονικη , 2008, σ. 47

[41] исто, с.47-48

[42] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 89

Румелија во септември 1885 г. довело до голема криза на Балканот. Овој акт на Бугарите ја нарушил рамнотежата во регионот и принципот на статускво, гарантиран со решенијата на Берлинскиот конгрес. Грција не можела да се помири со бугарското обединување[43]. Според грчките гледишта по Источна Румелија на ред била Македонија. На Грците им било јасно, уште при создавањето на Источна Румелија дека на подолг период таа била изгубена за нивните интереси[44] и затоа грчката политика во однос на обединувањето на Источна Румелија со Бугарија "била водена од стравот за иднината на Македонија, а не од загриженоста за грчкото малцинство во Источна Румелија"[45]. Во една ваква состојба било сосема нормално и очекувано да дојде до заладување на односите помеѓу Атина и Софија, кои и без оваа криза не биле најдобри. Заладувањето на односите не значело дека една од страните нема да даде одредени предлози. Како и во 1880 година, така и во овие моменти иницијативата дошла од Софија. Во јануари 1886 година кнезот Александар Батенберг му дал на тогашниот грчки конзул во Софија, Клеон Рангавис, некакви предлози за одредување на сферите на влијание во Македонија[46]. Според Сфетас овој предлог бил одбиен од страна на тогашниот премиер Делијанис, но и од страна на лидерот на опозицијата[47]. Најверојатно Грците овој предлог на Батенберг го сметале за тактички потег. Меѓутоа, има некои интересни податоци. Кога веќе го споменав конзулот Рангавис интересно е едно негово признание од 1896 г. околу прашањето дали тој водел некакви преговори со бугарските политичко водство. Имено, во разговорот со бугарскиот претставник во Букурешт Мингов, Рангавис говорејќи за својот поранешен дипломатски ангажман во Софија напоменал дека водел преговори со кнезот Александар Батенберг и: "тие се договориле јужна Македонија да се отстапи исцело на грчкото влијание, населена со Грци. а северна, каде што мнозинското население е бугарско, се признавало исклучиво право на Бугарија да врши врши влијание и да спроведува пропаганда. Преостанувало да се

[43] за грчкото однесување во време на Источнорумелиската криза види кај: Далибор Јова-новски, Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелиската криза (септември-ноември 1885 година), ГЗФФУКИМ, кн. 58, Скопје, 2005, с. 227-246

[44] S. Sfetas, Aspects of Greek-Bulgarian ..., p.41

[45] Yura Konstantinova, Some aspects of the Greek-Bulgarian diplomatic relations from the Unification to the first berats for Bulgarian bishops in Macedonia; Etudes Balkanique, 41/4, Sofia, 2005, p. 56

[46] S. Sfetas, Aspects of Greek-Bulgarian ..., p.44

[47] исто

определи демаркациона линија меѓу двете сфери на влијание"[48]. Може да претпоставиме дека овие разговори, како што не известува Рангавис, биле водени во времето на Источнорумелиската криза. Во таа насока е и еден исказ на Трикупис пред британскиот амбасадор Рамболд. Според грчкиот по-литичар во времето кога бил во опозиција, а тоа е и периодот кога била актуелна Источнорумелиската криза, добил предлози од Батенберг[49]. Трикупис во разговорот со британскиот дипломат изјавил дека "требало да се одреди линијата која би ги одвоила грчките од бугарските интереси, како прелиминарна основа за разбирањето и таа принципиелно била одобрена од кнезот Александар, а би водела од Охрид преку Струмица и Мелник малку посеверно од овие места додека не стигне до границата со Источна Румелија. Таквата линија, забележа господинот Трикупис, би била целосно задоволувачка за Грција, заштo таа ги вклучувала двете најважни точки после Солун-имено, Битола, на едниот, со кој грчкото влијание би се проширило и во јужна и централна Албанија и Серес на другиот крај"[50]. Доколку овие искази на Рангавис и Трикупис биле точни се поставува едно логично прашање зошто не дошло до договор? Можеби одговорот лежи во споменатиот разговор помеѓу Трикупис и Рамболд. На прашањето на британскиот дипломат дали се појавиле одредени потешкотии околу едно пристаниште на Егејот, Тркупис одговорил дека било договорено таа точка целосно да се изостави[51]. Може да се претпостави дека постоеле одредени предлози од бугарска страна, но тие биле далеку од прифатливи за Грција, бидејќи во спротивно би бил постигнат договор за одредеување на линијата која би ја разграничувала грчката од бугарската сфера на интерес во Македонија. Источнорумелиската криза ќе заврши со признавање на бугарското обединување. На Балканот бугарската држава, иако сеуште зависна од Османската империја, станала фактор на кој морало да се смета. Тоа им било јасно на властите во Атина, кои доживеале вистинско фијаско со блокадата на Пиреа од страна на здружената флота на Големите сили. Грчките интереси не биле земени предвид при решавањето на кризата.

Признавањето на обединувањето на Источна Румелија со Бугарија не значело крај на кризата во Бугарија. Кнезот Александар

[48] Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје, 2000, док. 102, с. 313
[49] Далибор Јовановски, Еден британски документ за грчко-бугарските односи и Маке-донија од осумдесеттите години на XIX век; Историја, XXXVIII/1-2, Скопје, 2002, с. 105
[50] исто
[51] исто

Батенберг наместо да' ги ужива плодовите од обединувањето морал, под руски притисок да го напушти престолот. Овој настан повторно го отворил прашањето за пополнување на едене испразнет престол на Балканот, во овој случј бугарскиот. Таквиот развој на настаните во Софија предизвикал голема загриженост во Атина и тоа повторно поврзана со Македонија. Грците, и порај различните гледишта околу Македонија, посакувале веќе поранешниот бугарски кнез Батенберг да го задржи престолот, бидејќи стравувале да не се засили руското влијание, а со тоа и подршката на бугарските аспирации кон Македонија и Тракија. Точно е дека Англија во тој период имала зголемено влијание во Бугарија, но не давала подршка за бугарските аспирации. Проблемот за наследникот на испразнетиот бугарски кнежевски престол предизвикал внимание во грчките политички кругови, а водечките политички личности давале и коментари во таа насока. Грчкиот крал во разговорот со британскиот пратеник во Атина, Рамболд, истакнал дека можноста принцот Валдемар да го заземе бугарскиот престол не била реална, бидејќи тој самиот немал да прифати таква понунда, а и неговата најблиска околина тоа нема да му го посоветува[52]. Оваа констатација на Георгиос била логична и точна бидејќи и Валдемар потекнувал од данската кралска фамилија. Многу поконкретен бил премиерот Трикупис кој можноста за доаѓање на Валдемар на бугарскиот престол ја оценил како непосакувана работа не само за Грција, туку и за самата Бугарија[53]. Тој својот став го објаснил со фактот дека суверените на двете земји би биле роднински поврзани, а тоа не било пожелно за решавање на недоразбирањата и постигнување на договор околу Македонија. Според Трикупис за договорот бил потребен друг бугарски кнез, како што беше Батенберг за чие што детронирање грчкиот премиер не ја криел својата разочараност[54]. Трикупис изразувајќи ја својата разочараност од детронизацијата на Батенберг се потсетувал на своите контакти со поранешниот бугарски кнез во кого гледал поволна личност за постигнување на договор околу Македонија. Изборот на Фердинанд Сакскобурготски го затворил прашањето за наследникот на Батенберг на бугарскиот кнежевски престол. Грците не ни помислувале дека во Софија имаат кнез кој бил целосна спротивност на младиот Александар, но тоа ќе го дознаат подоцна.

На почетокот напоменав дека Грција во 1880 година отворила дипломатско претставништво во Софија, но Бугарија немала свое во грчката престолнина. Грција не била расположена да види бугарски дипломатски претставник во Атина. Тоа бил еден вид притисок со цел

[52] ДАРМ,м-155, Rumbold-Earl of Iddlesleigh, Athens, 4 november 1886, FO 287/6
[53] ДАРМ,м-160, Rumbold-Earl of Iddlesleigh, Athens, 4 november 1886, FO 287/6
[54] исто

да се покаже која држава била независна, а која не. Самиот факт што Бугарија била автономна држава и давал на грчката влада можност да не прифаќа по секоја цена наименување на бугарски дипломатски претставник во Атина. Сепак, Бугарите се обидувале да добијат дозвола од грчката влада да наименуваат свој претставник во Атина. Во јануари 1887 година Бугарија побарал да испрати свој дипломатски претставник во Атина. Како можни кандидате се споменувале Греков и Начович[55] и двајцата искусни и способни политичари. Грчката влада по консултациите со османскиот пратеник во Атина, Ферудин бег, дала начелна согласност за наименување на бугарскит дипломатски претставник во грчката престолнина[56]. Сепак статусот на бугарскиот претставник во Атина немал да биде на ист ранг со останатите дипломатски претставници во Грција заради автономниот статус на Бугарија[57].

Во дипломатските кругови во Атина, а и меѓу грчките политичари се говорело дека Бугарите сакале нешто важно да соопштат во Атина[58]. Ако се имаат предвид настаните околу пополнувањето на испразнетиот бугарски кнежевски престол, тогаш може да претпоставиме која била целта на бугарското инсистирање да се добие согласност од грчката влада за наименнување на дипломатски претставник во Грција. Меѓутоа, работите добиле поинаков тек. Русите, незадоволни од начинот на кој било изведено бугарското обединување, но и се посилните антируски позиции на бугарските политичари и нивниот однос по прашањето на пополнување на престолот во Софија не сакале да видат бугарски дипломатски претставник во грчката престолнина. Рускиот пратеник во Атина, Бјуцов, без никакво заобиколување им ја соопштил на грчките власти позицијата на Петроград по прашањето на наименување на бугарски дипломатски претставник во Грција[59]. Всушност Бјуцов го пренел ставот на Гирс, рускиот министер за надворешни работи, според кој појавата на бугарски дипломатски претставник во Атина ќе биде сметана за антируски став на грчката влада[60]. Трикупис по оваа руска интервенција без размислување се повлекол од претходно дадената согласност за наименување на бугарски дипломатски претставник во Атина[61]. Најверојатно атинските процени за промена на решението за прием на бугарски

[55] Д. Јовановски, Еден британски документ..., с. 104
[56] Y. Konstantinova, Some aspects of the Greek-Bulgarian..., p. 60-61
[57] исто
[58] Д. Јовановски, Еден британски документ..., с. 104
[59] Y. Konstantinova, Some aspects of the Greek-Bulgarian..., p. 61
[60] Σ. Σφετας, Ελληνο–βουλγαρικες...σ. 153
[61] S. Sfetas, Aspects of Greek-Bulgarian ..., p. 44

дипломатски претставник во Атина се базирале на заострувањето на руско-бугарските односи со што, според грчките гледишта, бугарската опасност во Македонија за грчките интереси била намалена[62], иако тоа ќе биде демантирано во не така далечната иднина. Исто така не треба да се заборави дека средбите со рускиот пратеник во Атина од страна на Трикупис биле искористени за добивање на појасна претстава за позицијата на царската влада околу Македонија[63].

До крајот на осумдесеттите години од деветнаесетиот век немало контакти помеѓу двете влади во правец на постигнување на некаков договор за надминување на спорните прашања или пак за одредување на линија на разграничување на интересните сфери во Македонија. Едноставно тоа не било можно, а иднината истото ќе го потврди.

[62] ист, с.44-45

[63] Σ. Σφετας, Ελληνο–βουλγαρικες...σ. 153–155